**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.04.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Весна Симоновска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2023 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје за прекршување на член 55 став 1 од ЗААВМУ и на точката 30 од Упатството за пласирање производи.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
8. Предлог за поведување прекршочна постапка на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово. Објасни дека овој радиодифузер требаше да доплати мал износ за да изврши целосна исплата на издадената фактура за телевизиско емитување. Во утврдениот рок од започнување на постапката за одземање на дозволата согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост и од таа причина се предлага да се запре постапката.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, бр.08-626 од 18.03.2015 година.

Согласно издадената фактура горенаведениот радиодифузер годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека со редовниот надзор реализиран во март оваа година е констатирано дека радиодифузерот ги прекршил правилата за заштита на малолетните лица. Денот кога е направен надзорот игранот филм „Војната заврши“ („The War Is Over“) беше емитуван без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење. Од таа причина се предлага Советот да донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението, а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот се усогласил со Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1175/1 од 16.03.2023 година и едногласно заклучи на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 1 март 2023 година, играниот филм „Војната заврши" („The War Is Over") беше емитуван без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје за прекршување на член 55 став 1 од ЗААВМУ и на точката 30 од Упатството за пласирање производи. Објасни дека со редовниот надзор реализиран во март оваа година кај ТВ Клан е констатирано прекршување на правилата за пласирање производи во програмите. Радиодифузерот во три програми има пласирано производи иако според законот во овие видови програми не е дозволено пласирање производи. За радиодифузерот се предлага мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението, а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот се усогласил со Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1341/1 од 23.03.2023 година и едногласно заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 став 1 од ЗААВМУ и на точката 30 од Упатството за пласирање производи затоа што на 6 март 2023 година, во изданијата на емисиите: „Histori shqiptare" - документарна програма, „Shije shtëpie" - забавно-информативна програма, и „Stop" - актуелно-информативно говорно-шоу, прекршена е забраната за пласирање производи во тој вид ТВ-програми.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи - во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на

Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот надзор во месец март е констатирано прекршување на обврската програмата да се емитува на македонски јазик на кој што радиодифузерот има добиено дозвола за емитување програма. Со надзорот е констатирано дека две содржини не биле преведени на македонски јазик. Станува збор за интервју во емисијата „Јади Бурек“ со Џејсон Мико кое се емитувало изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик, а другата содржина е граничен случај за кој ќе објасни директорот, а станува збор за емисијата со наслов „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2“. За радиодифузерот се предлага мерка јавна опомена со рок на усогласување од 10 дена од денот на приемот на Решението, а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот се усогласил со Законот.

Г-дин Трајчевски објасни дека мерка јавна опомена секако треба да биде изречена на ТВ Сонце, бидејќи интервју во емисијата „Јади Бурек“ со Џејсон Мико се емитувало изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. По изработката на Извештајот за извршен програмски надзор кај овој радиодифузер, имал телефонски разговор со авторот на емисијата „Македонски песни во Добриниште, Пиринска Македонија 2“ кој што наведува дека говорот во таа емисија не е на бугарски туку на македонски јазик, на дијалект кој што го зборува населението во тој регион. Од оваа причина при следен надзор како прекршување тоа нема да се земе предвид, но сепак останува прекршувањето на член 64 став 1 од ЗААВМУ бидејќи интервјуто е емитувано без да биде обезбеден превод на македонски јазик

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1388/1 од 27.03.2023 година и едногласно заклучи на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 март 2023 година, во дел од емисијата „Јади Бурек“, односно дел од интервјуто со Џејсон Мико се емитува изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст)

бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето се однесува на обврската радиодифузерите да емитуваат најмалку 30% на дневно ниво македонски аудиовизуелни дела и половина од овие дела да ги емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот. Со надзорот на 2 март 2023 година, телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуваше 2 часа 58 минути и 49 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 13.68% од вкупно емитуваната програма во текот на денот а во периодот од 7,00 до 19,00 часот емитувал за околу 2 часа помалку од потребниот минимум. За радиодифузерот се предлага мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот се усогласил со Законот. Наведе дека радиодифузерот испрати изјаснување за ова прекршување кое е доставено во материјалите по точката во кое посочува дека прекршувањата се случуваат поради чести промени на вработените и дека ќе направат напори во најкраток можен рок да се усогласат со Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1387/1 од 27.03.2023 година и едногласно заклучи на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 2 март 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека станува збор за објава на импресум за секоја емитувана содржина во текот на програмата. Денот кога е направен надзорот констатирано е дека во една програма од туѓо производство во забавно-информативната емисија „1 Kafe prej Sh'pisë“ („1 Кафе од куќата“) не се објавени податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Бидејќи станува збор за туѓа програма во вакви ситуации доволно е да биде емитувана оригиналната одјавна шпица на програмата. Од овие причини се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на решението а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот се усогласил со Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-1340/1 од 23.03.2023 година и едногласно заклучи на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа на 6 март 2023 година, во репризното издание од забавно-информативната емисија „1 Kafe prej Sh'pisë (1 Кафе од куќата)“, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека на 16 февруари 2023 година беше изречена мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ и на радиодифузерот му беше даден рок од 20 дена да се усогласи со одредбите од Законот. Потоа е направен контролен надзор кој што е реализиран на 21 март и констатирано е дека радиодифузерот делумно постапил по изречената мерка опомена односно го отстранил прекршокот на член 92 став 3 од ЗААВМУ меѓутоа се уште го повредува член 92 став 1 од ЗААВМУ односно нема најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Денот кога е направен надзорот емитувал 25% македонски аудиовизуелни дела. Од овие причини се предлага согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да поведе прекршочна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1757/1 од 06.04.2023 година на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар и утврди прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 21 март 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-1777/9**

**04.05.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**